Д.П. бр. 6/22

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Весна Дончева, претседател на советот, Александар Цацков, Лидија Рибарева, Илир Сулејмани и Ацо Колевски, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот С.Л од С, по одржаната расправа согласно член 18, 21 и 22 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија, во присуство на нотарот, на ден 9.6.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Нотарот С.Л од С, **се ослободува од огворност** дека сторила дисциплинска повреда од член 141 став (1) алинеја 14) од Законот за нотаријатот, поради тоа што не го продолжила уредно осигурувањето од одговорност од штета за периодот од 1.1.2021 година до 12.1.2021 година, односно за период од 10 дена не е осигурана од одговорност од штета видно од полисата бр.308069000046 издадена од Акционерско друштвто за осигурување В.В. С, па на таков начин да постапила спротивно на член 14 став (5) од Законот за нотаријатот.

2.Нотарот С.Л од С, **се ослободува од одговорност** дека сторила дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметите НПН бр.348/20, НПН бр. 375/20 и НПН бр. 206/21 не изготвила решение во рок од 3 дена од прием на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, па на таков начин да постапила спротивно на член 71 став (6) од Законот за нотаријатот

3.Нотарот С.Л од С, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр. 224/21 не изготвила решение во рок од 3 дена од прием на предлогот за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, на кој начин постапила спротивно на член 71 став (6) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – парична казна во износ од 500 – (петстотини) евра во денарска противвредност според курсот на Народна Банка на Република Северна Маедонија на денот на донесувањето на решението.

4.Нотарот С.Л од С, **виновна е** за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот НПН бр.348/20, постапувајќи по приговор против решение за издавање на нотарски платен налог, списите на предметот не ги доставила до надлежниот основен суд во рок од 3 дена од денот на поднесениот приговор, со што постапила спротивно на член 72 став (3) од Законот за нотаријатот, поради што се изрекува дисциплинска мерка - парична казна во износ од 500 – (петстотини) евра во денарска противвредност според курсот на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

5.За дисциплинските повреди опфатени до точка 3) и 4) од диспозитивот на решението се изрекува единствена дисциплинска мерка - парична казна во износ од 500 – (петстотини) евра во денарска противвредност според курсот на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

Д.П. бр. 6/22

**О б р а з л о ж е н и е**

Во предлогот на Министерство за правда за поведување на дисциплинска постапка бр. 09 -18/6 од од 4.3.2022 година, се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторила дисциплински повреди по член 141 став (1) алинеја 14) и 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

**Со предлогот е приложена фотокопија на списи на предметот НПН бр.348/20, НПН бр.375/20, НПН бр.206/21 и НПН бр.224/21 и извештај бр. 09-3138/4 од 20.12.2021 година;**

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана, изнесена во поднесокот доставен до Нотарската комора на ден 18.03.2022 година и усмено на расправата, во врска со точка 1) од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, наведе дека од доставените прилози фактичкото прашање кое што предизвика недоразбирање, односно заблуда се однесува на толкувањее на поимот - замена на полиса, имајќи предвид дека од 2017 година, во континуитет во истата осигурителна компанија, во полисите постои терминот - замена на полиса, што упатува на фактот дека со новата полиса се менува старата и осигурувањето се обновува. И во полисата за 2021 година е наведено дека се работи за замена на претходната полиса. Станува збор за техничка грешка од страна на осигурителна компанија и се однесува за период од само четири работни денови. Во сите досегашни полиси е наведено дека нотарот има бонус за немање на штета за изминати три години, и тоа е наведено и во полисата за 2021 година. Во врска со точка 2) од Предлогот наведе дека постапувала согласно со член 26 од Нотарската тарифа и решенијата ги издала откако била намирена нотарската награда од страна на доверителот. Во врска со точка 3) од Предлогот наведе дека е невозможно во овој рок да се исполни законската одредба бидејќи сите списи кои судот ги бара треба да бидат доставени. Воедно, се работи за предмет во 2020 година, во состојба на Ковид пандемија, која предизвикала состојба на нефункционирање или отежнато фукционирање на јавни служби, поради што смета дека и ако постои прекршување во таква состојба било невоможно да се запази законскиот рок. Наведе дека досега не е дисциплински казнувана.

**Со одговорот се приложени фотокопии на полиси за осигурување за 2017-2022 година, писмени дописи од 24.12.2021 година, 30.12.2021 година, 29.12.2021 година, 10.2.2022 година, 9.2.2022 година и изводи за промена на состојбата на сметката од 15.10.2020 година.**

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и на изведените докази, Дисциплинскиот совет во делот на точка 1) од диспозитивот на решениево ја утврди следната фактчка состојба по предметот:

Нотарот исполнувајќи ја законската обврска од член 14 од Законот за нотаријатот, има склучено договори за осигурување со АД ВВ ГРУП С, за што во период од 2017 до 2020 година се издадени полиси со премија во износ од 6.775,оо денари и бонуси за немање штета во претходниот период во износ од 2.904,оо денари. Со полисата бр.308069000046 извршена е замена на полисата бр.308030000388, која го опфаќа временскиот период од 1.1.2020 година па до 1.1.2021 година, за истиот износ

на премијата и бонусот, меѓутоа за временскиот период сметано од 12.1.2021 година, па до 12.1.2022 година. Заради ваквата промена на датите нотарот се обратила до Осигурителната компанија со писмен допис од 24.12.2021 година и до Агенцијата за суперревизија на осигурувањето – С на ден 9.2.2022 година, со барање да биде појаснето зошто е извршена измена на датите на осигурувањето. Во врска со истото прашање нотарот писмено се обратила и до Министерството за правда со дописите од 30.12.2021 година и 10.2.2022 година. Со полисата бр.30803000050, со која е опфатена 2022 година, претходната полиса е заменета за период од 12.1.2022 година па до 12.1.2023 година, со истиот износ на премијата и истиот бонус поради немање штети во изминати три години.

При напредутврдената фактичка состојба по предметот следуваше Дисциплинскиот совет да одлучи како во точка 1) диспозитивот на решението поради следните причини: Според член 14 став (5) од Законот за нотаријатот, нотарот е должен уредно да го продолжува осигурувањето од одговорност за штета. Според утврденото нотарот така и постапувала, меѓутоа проблемот се јавил со полисата бр.308069000046 со која е извршена замена на претходната полиса, меѓутоа не за периодот сметано од 1.1 туку од 12.0.2021 година до 121.2022 година. Бидејќи станува збор за замена на претходната полиса, што е наведено и во полисата бр.308069000046 со истиот бонус во износ од 2.904,оо денари, очигледно е дека е сторена техничка грешна при изготвување на истата што, од друга страна, ја довело нотарот С.Л во заблуда, која оправдано сметала дека со замената на полисата се пренесени условите од полисата за претходната календарска година, каков што бил случај со сите претходни полиси. Кога станува збор за осигурувањето од одговорност за штета согласно со цитираниот член 14 од Законот за нотаријатот, Дисциплинскиот совет го има предвид фактот дека осигурувањето, пред се’, е во полза на нотарот кој согласно со член 38 од истиот закон одговара за штета предизвикана на друг при вршењето на нотарската служба.Тоа значи дека кај нотарот постои особен интерес да го продолжува своето осигурување и нотарот така постапувала во конкретниов случај. Меѓутоа, во случајов нотарот била доведена во заблуда поради грешка при изготвување на полисата бр. бр.308069000046 што ја ослободува од дисциплинската одговорност, како субјективен однос спрема дисциплинската повреда за која се товари со точка 1) од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, а на што основано укажува во изнесената одбрана.

Во делот на точка 2) од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, фактичката состојба е следната: од страна на доверителот АД ВВ Груп С, на ден 1.9.2020 година, поднесен е предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, против должникот ДТТУ ГИ Дооел С, кај нотарот заведен под НПН бр.348/20, по кој на ден 25.9.2020 година е издадено решение за нотарски платен налог. Нотарската награда и трошоците од страна на доверителот се уплатени на ден 15.10.2020 година, што е видно од изводот бр. 197 од 15.10.2020 година. На ден 1.9.2020 година од страна на истиот доверител поднесен е предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа против должникот ДПУ ТТ СТ Дооел С, кај нотарот заведен под НПН бр.375/20, по кој на ден 25.9.2020 година е издадено решение за нотарски платен налог. Нотарската награда и трошоците од страна на доверителот се уплатени на ден 15.10.2020 година, што е видно од изводот бр.197 од 15.10.2020 година. Исто така, од страна на истиот доверител на ден 1.7.2021 година поднесен е предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа против должникот ДПТУ ГЕ ДОО С, кај нотарот заведен под

НПН бр. 206/21, по кој на ден 30.7.2021 година е издадено решение за нотарски платен налог. Нотарската награда и трошоците од страна на доверителот се уплатени на ден 30.7.2021 година што е видно од изводот бр.151 од 30.7.2021 година.

Според член 71 став (6) од Законот за нотаријатот, ако нотарот оцени дека е месно надлежен, а предлогот за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа е уреден, допуштен и основан, нотарот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од приемот на предлогот, ќе донесе решение со кое го издава предложениот нотарски платен налог. Меѓутоа, според член 153 став (7) од Законот за нотаријатот, нотарот нема да ја издаде нотарската исправа или решение кое го донесува согласно со одредбите од овој закон, доколку странката претходно не ги надоместат наградата и трошоците на нотарот и адвокатот и таксите утврдени со закон, а според член 26 од Нотарската тарифа, во постапката за издавање на решение за нотарски платен налог, доверителот не може да да бара од нотарот, постапуањето по неговиот предлог се’ додека не ја подмири нотарската нагарада и трошоците. Според утврденото во предметите НПН бр.348/20, НПН бр.375/20 и НПН бр. 206/21 нотарот така и постапила, а во случај на првите два од наведените предмети, решенијата ги издала пред должникот да ја исполни обврската за уплата на нотарската награда и трошоците, а на што основано нотарот укажува во изнесената одбрана.

Поради наведеното е одлучено како во точка 1) и 2) од диспозитивот на решението согласно член 24 став (2) алинеја 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

Во делот на точка 2) од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, кој се однесува на предметот НПН бр. 224/21, фактичката состојба е следната: на страна на доверителот АД ВВ Груп С, на ден 5.08.2021 година, поднесен е предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, против должникот ДЕЛЦО Дооел С, кај нотарот заведен под НПН бр.224/21, по кој на ден 6.9.2021 година е издадено решение за нотарски платен налог. Нотарската награда и трошоците од страна на доверителот се уплатени на ден 26.8.2021 година, што значи дека решението за нотарски платен налог не е издадено во законскиот рок утврден со цитираниот член 72 став (3) од Законот за нотаријатот, на што основано се укажува во Предлогот за поведување на дисдцилинска постапка.

Во делот на точка 3) од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, во однос на предметот НПН бр. 48/20, понапред е утврдено дека од страна на доверителот АД ВВ Иншуранс Груп С, на ден 1.9.2020 година, е поднесен предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа, против должникот ДТТУ ГИ Дооел С, кај нотарот заведен под НПН бр.348/20, по кој на ден 25.9.2020 година е издадено решение за нотарски платен налог.Против наведеното решение од страна на должникот на ден 16.10.2020 година, поднесен е приговор кој, заедно со списи на предметот, на ден 9.12.2020 година е доставен до Основниот граѓански суд С на натамошно постапување и одлучување што е видно од пропратното писмо со наведената дата. Решението НПН бр.348/20 од 25.9.2020 година, до доверителот е доставено на ден 3.11.2020 година што е видно од доставницата за лично доставување. Судската такса за приговор во износ од 100,оо денари не е наплатена.

Според член 72 став (3) од Законот за нотаријатот, нотарот кај кој е поднесен приговор против нотарскиот платен налог, односно против решението во делот на трошоците, во рок од три дена од денот на поднесениот приговор ќе ги достави списите до надлежниот основен суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапува во предлогот. Во конкретниов случај, според утврденото, нотарот така не постапила иако биле исполнетите сите законски предуслови предметот во наведениот законски рок да биде доставен до Основниот граѓански суд С. Во однос на неплатената судска таска за приговор нотарот немала обврска да постапува согласно со член 27 од Законот за судските такси бидејќи согласно со член 31, за судските такси кои не го надминуваат износот од 200,оо денари, не се поведува постапка за наплата на таксата, и таков е конкретниот случај.

Дисциплинскиот совет ја ценеше изнесената одбрана на нотарот според која и да постои формално прекршување на постапката, во состојба на Ковид пандемијата и обврските за комплетирање на предметот, поради што не можел да биде запазен наведениот законски рок, меѓутоа не ја прифати како основана бидејќи при исполнетоста на сите услови за постапување по поднесениот приговор, нотарот била должна тоа да го стори во рамки на наведениот законски рок, а не дури на ден 9.12.2020 година. Имено, во текот на постапката се доставени сите потребни докази за издавање на решението за нотарски платен налог НПН бр. 348/20 од 25.09.2020 година поради што немало потреба за обезбедување на други. Решението е доставено до должникот кој на ден 16.10.2020 година има поднесен приговор, а до доверителтот е доставено на ден 3.11.2020 година. Според тоа, во предметот биле здружени сите потребни списи и докази поради што немало потреба од други, па да тоа биде причина нотарот да не го запази законскиот рок од три дена утврден со член 72 став (2) од Законот за нотаријатот, за доставување на предметот до Основниот граѓански суд С.

При утврдување на правната квалификација на сторените дисциплински повреди во делот на точка 3) и 4) од диспозитивот на решението, Дисциплинскиот совет се раководи со член 25 став 1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, според кој не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка во поглед на правната оцена на дисциплинската повреда. Според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај, именуваниот нотар со дејствијата опишани во точка 3) и 4) од диспозитивот на решението, има сторено дисциплински повреди од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот – „одбивање без оправдани причини, одложување или несовесно исполнување на обврските определени со законот, подзаконските акти и актите на Комората“, а не и дисциплински повреди од член 140 став (1) алинеја 1) од Законот за нотаријатот, како што се тоа предлага во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.09- 18/6 од 4.3.2022 година.

При одмерување на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 23 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка, кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактот дека нотарот, според евиденцијата која се води во Нотарската комора, досега не е дисциплински казнувана, дека нема доказ на учесниците во наведените предмети да е причинета материјална штета, поради што за повредите опфатени со точка 3) и 4) од диспозитивот на решението, со точка 5) е изречена единствена дисиплинска мерка – парична казна во износ од 500

евра во денарска противвредност според курсот на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на донесувањето на решението.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка – паричната казна, воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ја повтори воочената грешка и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во точка 3),4) и 5) од диспозитивот на решението, согласно со член 24 став (2) алинеја 3) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на Нотарската комора на Република Северна Македонија.

**Претседател на советот,**
**Весна Дончева**

ПРАВНА ПОУКА: Против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН: Нотарот;
Архивата;
По конечноста до Министерство за правда;